# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ДЕНТАЛНА ИМПЛАНТОЛОГИЈА - ПРАКТИКУМ“ ОД ПРОФ. Д-Р ЦЕНА ДИМОВА, АСС. Д-Р КИРО ПАПАКОЧА И АСС. Д-Р КАТЕРИНА ЗЛАТАНОВСКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлука бр. 2502-268/13 од 105. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 3.12.2013 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ерол Шабанов, редовен професор во пензија, специјалист по стоматолошка протетика;
- проф. д-р Драгољуб Велески, редовен професор во пензија, специјалист по стоматолошка протетика;
- проф. д-р Ивона Ковачевска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, специјалист по болести на забите и ендодонтот,

за рецензија на приложениот ракопис „Дентална имплантологија – практикум“ од авторите проф. д-р Цена Димова, асс. д-р Киро Папакоча и асс. д-р Катерина Златановска, наменет за практикум за студентите од прв циклус додипломска настава на студиските програма Општа стоматологија и Стручни студии за забни техничари - протетичари на Факултетот за медицински науки.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот „Дентална имплантологија **- практикум**” од проф. д-р Цена Димова, асс. д-р Киро Папакоча и асс. д-р Катерина Златановска е концепиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Имплантологија, што се изучува на студиите од прв циклус на додипломска настава на Студиската програма по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, во десетти семестар, како задолжителен предмет со 2+0+1 неделен фонд на часови и 4 кредити. Исто така, ракописот е пишуван според Наставниот план и програма на предметот Дентална имплантологија, кој се изучува на студиите од првиот циклус на додипломска настава на Стручните студии за забни техничари-протетичари, исто така на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, во шести семестар, како задолжителен предмет со 2+3+1 неделен фонд на часови и 5 кредити.

Ракописот што им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе можат целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

***Податоци за обемот на ракописот***

Содржината на ракописот што е наменет за издавање на привремено учебно помагало - практикум по предметите Имплантологија и Дентална имплантологија е претставен во текст од вкупно 55 страници, 29 илустрации и две табели. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален пронед, употребен е фонт Ariel и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Ракописот за практикум е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература на домашните и светски простори.

На нашите простори нема постоечка литература која со својата содржина ја опфаќа денталната имплантологија во смисла на практикум (за употреба во практичната настава). Постојат учебни помагала со следниве наслови „Стоматолошки супраструктури над импланти” (2005) и „Дентална имплантологија” (електронси извор) (2010), кои делумно во некои тематски единици одговарат на програмата по предметите Имплантологија и Дентална имплантологија, но не целосно според акредитираната наставна содржина. Имено, според програмскиот концепт предметите опфаќаат многу поширока и подетална содржина на поставените тематски единици.

Авторите на јасен и едноставен начин, со разбирлив стил на ракописот сублимирано ја претставуваат материјата што се изучува во овие предмети од имплантологијата. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините, со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со што се потврдува темелниот пристап во подготовката на ракописот.

**Краток опис на содржината**

**Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во дванаесет тематски единици кои претставуваат една целина.**

Во првото поглавје *Историски аспекти за оралната имплантологија и нејзина иднина* се зборува за почетоците и развојот на имплантологијата како научна гранка. Во второто поглавје именувано *Употреба на биоматеријалите и значењето на биомеханиката во оралната имплантологија* се обработуваат видовите материјали од кои се изработуваат имплантите.

Следните поглавја насловени како *Основни физиолошки процеси на коската, нејзино заздравување, созревање и значење за функционалноста*; *Хируршка анатомија на максиларната и мандибуларната коска и нивна класификација* и *Мускули, нерви и артерии во орофацијалната регија и нивно значење за вградување на инпланти* обработуваат теми од аспект на применетата анатомија од орално-хируршки аспект и физиологија на коскените ткива на горната и долната вилица.

Во понатамошните поглавја на систематичен и детален начин се прикажува материјата распределена во следниве наслови *Ретенција и примарна стабилизација на имплантите* и*Дијагноза, план за терапија и подготовка на пациентот за имплантирање (селекција на пациентите, нивно запознавање, анамнеза)*. Во следните неколку поглавја *Планирање на резови, избор на инпланти и трансмукозна надградба*; *Имплантолошки системи*; *Вградување на инпланти за надоместок на заби во постекстракциона рана* и *Трансдентални инпланти* исцрпно се образложени содржините кои се однесуваат на поставување на имплантите во устата на пациентот, почнувајќи од планирањето, изборот на соодветен систем и облик и форма на инплант итн.

Во поглавјето со наслов *Трансплантација на меки и тврди ткива* се зборува за основните начела и правила за трансплантација на ткива во оралната празнина, додека во поглавјето *Вградување на алогени материјали и вештачка коска* се потенцираат индикациите за ставање на различни видови алогени материјали во коскените дефекти.

Потоа на систематичен и јасен редослед се обработува *Локални и системски компликации во текот на имплантацијата, мукозит и перимплантитис*, а во поглавјето *Аугментација* се раскажува за можностите за зголемување на коскените ткива во нивна ширина и висина.

Во следното поглавје *Поставување на абатмент по завршена остеоинтеграција – земање на анатомски отпечаток* и во поглавјето *Планирање за идната протетска надградба на имплантите* се обработуваат аспектите на изработка на стоматопротетичка супраструктура над имплантите, почнувајќи од земањето на отпечаток до финалната изработка на коронка.

Приложениот ракопис „Дентална имплантологија” (практикум) од проф. д-р Цена Димова, асс. д-р Киро Папкоча и асс. д-р Катерина Златановска претставува рационално

и систематично структуриран и сублимиран материјал на една поширока тема, која на студентите на многу едноставен начин ќе им ги претстави основните практични знаења од област на денталната имплантологија.

Цитирана е литература од европското и балканското подрачје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот за учебното помагало „Дентална имплантологија - практикум" од проф. д-р Цена Димова, асс. д-р Киро Папкоча и асс. д-р Катерина Златановска опфаќа одбрани поглавја за денталната имплантологија според наставната програма и содржина на предметите Имплантологија и Дентална имплантологија за студентите на првиот циклус студии на студиите по стоматологија и стручните студии за забни техничари - протетичари на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Со издавањето на овој ракопис студентите на стоматологија и стручните студии за забни техничари - протетичари ќе имаат можност да ја изучуваат денталната имплантологија на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало – практикум и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основни за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет ракописот „Дентална имплантологија - практикум" од проф. д-р Цена Димова, асс. д-р Киро Папкоча и асс. д-р Катерина Златановска да биде издаден како учебно помагало – практикум за студентите на стоматологија и стручните студии за забни техничари - протетичари на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ерол Шабанов, с.р.**
**Проф. д-р Драгољуб Велески, с.р.**
**Проф. д-р Ивона Ковачевска, с.р.**